РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-1054/14
12.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 01.03.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Претставници од медиумите на ТВ ШУТЕЛ Скопје – Антоние Стојчески и Радио АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Кичево – Илија Таневски.

Г-дин Петрушевски ја отвори 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:45 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека предлогот за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, ќе се одложи за во понеделник, 04 март 2024 година.

Г-дин Ајдини, поради технички причини во видео конференциската врска беше вклучен само преку аудио врска.

Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2024 година.

2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Радио ПРО-ФМ Гостивар.
3. Предлози за запирање на постапки за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување на радиодифузери.
4. Предлози за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување на радиодифузери.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
6. Барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување поднесено од Радиодифузното Трговско Друштво РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, со Предлог-Одлука.
7. Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2024 година.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), го усвои предложениот Записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Радио ПРО-ФМ Гостивар. Објасни дека овој радиодифузер не ја плати фактурата во рок од 30 дена издадена од Агенцијата за уплата на годишниот надоместок за дозволата. Од таа причина се предлага да се покрене постапка.

Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0051 од 11.01.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

Г-дин Петрушевски се обрати до службата и рече да се информира радиодифузерот точно до кога треба да го плати надоместокот за да не дојде до ситуација да му се одземе дозволата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ги образложи Предлозите за запирање на постапки за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување на радиодифузери. Објасни дека двете радија и едната телевизија извршија целосна уплата по издадена фактура во законски определениот дополнителен рок. Од таа причина се предлага да се запрат покренатите постапки.

- Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, Уп1 бр.08-44 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.0503-783/2 од 28.02.2024 година, Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0014 од 11.01.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-75 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.0503-784/2 од 28.02.2024 година, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0035 од 11.01.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска),донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, Уп1 бр.08-90 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.0503-786/2 од 29.02.2024 година, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0046 од 11.01.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Точка 4

Г-дин Петрушевски во врска со Предлозите за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување на радиодифузери, најави дека одлучувањето за РА Ускана ќе се одложи согласно дискусијата од претходната седница. Предложи за останатите три радиодифузери да има една дискусија а гласањето да биде за секој медиум посебно.

Г-дин Трајчевски објасни дека трите наведени радиодифузери, ТВ Шутел од Скопје, РА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ од Кичево и РАДИО ХИТ од Скопје имаат блокирани сметки подолг временски период наназад. Со ТВ Шутел се направени повеќе контакти, и денес и изминатите денови. Бидејќи фактурите се издадени на почетокот на јануари оваа година и веќе се поминати два месеци, што значи дека АВМУ им излезе во пресрет и им даде доволно време за да го подмират долгот. Во тој рок имаа можност да го отстранат проблемот за да ја платат дозволата за емитување. Во измените на Законот за финансиска дисциплина кој што стапи во сила, мерките се многу ригорозни за оние кои што не го почитуваат Законот, односно повлекува сериозни последици и санкции за субјектите кои го прекршуваат. Претставникот на ТВ Шутел кажал дека е во разговори со ЗАМП за да се тргне блокадата на сметката за да може да го плати надоместокот, а потоа да си го регулира начинот на подмирување на обврските кон ЗАМП. Од друга страна објасни дека Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не дозволува понатамошно одлагање на роковите за плаќање на надоместокот, бидејќи сите радиодифузери добија последни дополнителни 15 дена кои што денес истекуваат и во кој што рок мораше да се изврши уплатата. Доколку успеат да ја одблокираат сметката во понеделник, на 04 март 2024 година, ќе можат да извршат уплата кон Агенцијата за долгот. Одлуката треба да се објави во Службен весник на РСМ, но бидејќи сега е петок, крај на работна недела, доколку во понеделник платат, Одлуката нема се уште да биде објавена во Службен весник, бидејќи во понеделник е пребрзо да се објави. Со тоа долгот кон Агенцијата ќе биде ист, не ќе мора да се платат трошоците за објавување во Службен Весник на РСМ. Доколку не платат во понеделник, со тужба пред Управен суд во рок од 30 дена може да си ја вратат дозволата, а тие трошоци се минимални. Други законски можности за продолжување на рокот нема. ТВ Шутел изврши плаќање од друга фирма и РА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ како физичко лице, но таквите уплати Агенцијата веднаш им ги врати бидејќи се противзаконски и се сметаат за сериозно прекршување на Законот и не можат да бидат прифатени од страна на АВМУ. Уште еднаш објасни дека не постои можност за понатамошно одлагање.

Г-дин Петрушевски рече дека ова образложение на директорот важи и за РА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ. Објасни дека во минатото имало вакви случаи кога по сила на Закон Советот морал да донесе одлука за одземање на дозволата, а потоа доколку се изврши уплата, радиодифузерот по судска постапка во рок од 30 дена со тужба си ја врати дозволата и медиумот да се спаси. Објасни дека членовите на овој Совет се повеќе години заедно со директорот и службата, и никогаш до сега не биле во состојба да го кршат Законот. При тоа не им е лесно да донесат ваква одлука, но по сила на Закон немаат друг избор. Сè што било во нивна можност било направено, сè што може ќе се направи, ако се најдат можности во понеделник да се изврши уплата, Советот итно ќе закаже седница и постапките ќе се решат на позитивен начин.

Г-дин Фиданоски рече дека жали што разговараат за вакви точки на седницата, бидејќи секогаш се комплицирани и тешки за дискусија кога треба да се одлучува за одземање на дозволата, а Советот по сила на Закон мора тоа да го направи, во

спротивно би го прекршиле Законот. Напомена дека имало ситуации во минатото со радиодифузери кои во рок од 30 дена со тужба пред Управен суд со целосно исплатен надоместок си ја вратиле дозволата и практично продолжиле да функционираат понатаму како медиуми. Рече дека ги охрабрува радиодифузерите да го направат тоа, затоа што она што го кажал директорот Трајчевски и нему му е познато, дека направени се максимални напори и рокови што може Агенцијата како регулатор да ги даде за да се надмине ситуацијата меѓутоа не смеат да го кршат Законот.

Г-дин Петрушевски рече за да не ги доведат во некои погрешни размислувања медиумите кои сега слушаат, го замоли директорот уште еднаш да објасни дека ова е добро да се направи во понеделник. Спомнал можност од 30 дена и го замоли да појасни, дали се различни овие работи или е една иста работа?

Г-дин Трајчевски објасни дека денешната одлука на Совет за одземање на дозволата треба да биде објавена во Службен весник на РСМ. Бидејќи утрешниот ден е сабота, потоа недела, неработни денови, одлуката за викенд не може да се прати во Службен весник. Самото објавување во Службен весник повлекува финансиски трошоци. Ако уплатат во понеделник, одлуката сѐ уште нема да биде објавена Службен весник и тогаш, при враќање на дозволата нема да имаат потреба да уплаќаат дополнителни средства односно оние средства кои што Агенцијата ќе ги даде за објавување на Одлуката во Службен весник за одземање на дозволата. Ако тоа не го направат во понеделник, Одлуката за одземање ќе се прати во Службен весник за објава, потоа ако во рок од 30 дена ја извршат уплатата, треба да ја платат Одлуката за одземање на дозволата која се објавила во Службен весник и уште една Одлука со која што ќе се поништи Одлуката за одземање на дозволата која исто така ќе биде објавена во Службен весник. Тие дополнителни трошоци ќе треба повторно да ги плати радиодифузерот, во овој случај ТВ Шутел, РА Александар Македонски. Значи ако тоа го направат во понеделник ќе им бидат драстично намалени трошоците, затоа што ќе треба да го платат само надоместокот за дозволата, а нема да ги платат трошоците за објавување на двете одлуки во Службен весник.

Г-дин Петрушевски рече дека добро е што ова се разјасни за самите радиодифузер. Оваа дискусија ја отворил со намера бидејќи претставниците на ТВ Шутел и РА Александар Македонски имаат право да ја следат седницата, но не и да дискутираат. Објасни дека сега ќе пристапат кон најтешкиот дел, се надева дека ќе ја искористат можноста радиодифузерите, медиумите треба да постојат, доколку ги нема зошто би постоела и Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), донесе Одлука со која се одзема дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023г. на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок - 30 дена од денот на приемот на ф-ра бр.2024-100-0011 од 11.01.2024г. (наш арх.бр.0503-172/1 од 11.01.2024г.).

Секторот за правни работи и јавни набавки да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб

страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

- Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на ф-ра бр.2024-100-0055 од 11.01.2024г. (наш арх.бр.0503-232/1 од 11.01.2024 г.).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

- Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување, бр.08-78 од 07.09.2023г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на ф-ра бр.2024-100-0038 од 11.01.2024г. (наш арх.бр.0503-201/1 од 11.01.2024г.).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски изрази жалење што Советот мораше да ги изгласа овие одлуки за одземање на дозволата, во спротивно членовите на Советот би завршиле на суд.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето беше констатирано со редовниот програмски надзор, реализиран во февруари оваа година. Со вој надзор е констатирано прекршување на обврската да емитува најмалку 40% македонски аудиовизуелни дела на дневно ниво. Во анализираниот ден, радиодифузерот емитуваше 35,64% односно емитуваше за 57 минути и 48 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Од овие причини се предлага Советот на Агенцијата да донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена, со рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението а потоа ќе се направо контролен надзор за да се провери дали го усогласил своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Наведе дека МРТ2 испрати и изјаснување кое е

приложено во материјалите, во кое потенцираат дека прекршокот е резултат на превид и дека програмата е веќе усогласена по забелешките од Извештајот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.1001-934/1 од 20.02.2024 година и едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 2 февруари 2024 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување поднесено од Радиодифузното Трговско Друштво РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука. Објасни дека ова барање е од РАДИО 99 од Скопје, поранешно Радио Арачина. Барањето е добиено на 19 февруари оваа година со кое бара да го дополни програмскиот концепт во однос на јазикот на емитување на програмскиот сервис и во однос на обемот на сопствената програма. Ова претставува повеќе од 20% промена на програмскиот концепт и од тие причини е потребно Советот на Агенцијата да даде согласност. Радио 99 до сега емитуваше програма само на албански јазик, а обемот на сопствена програма во програмскиот концепт кој е составен дел од неговата дозвола изнесува 4 часа на неделно ниво. Во Барањето за согласност, радиодифузерот бара освен на албански јазик да му се дозволи да емитува програма и на турски јазик и да се зголеми обемот на сопствена програма, односно од 4 часа да се зголеми на 23 часа и 50 минути на неделно ниво. При тоа нема да има промени во структурата на музиката по видови и по жанрови, ниту на структурата на говорниот дел на програмата по видови на програма. Објасни дека секторот смета дека бараната промена претставува дополнување и зајакнување на претходно прифатени обврски на радиодифузерот и ќе придонесе за збогатување на неговата програмска понуда а со тоа и збогатување на културниот плурализам. Од овие причини се предлага Советот да го прифати предлогот и да ја донесе предложената одлука, а потоа Агенцијата да му издаде усогласена дозвола за радио емитување.

Советот на Агенцијата го усвои Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување, поднесено од Радиодифузното Трговско Друштво РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје (наш број 0306-910/1 од 19.02.2024г.).

Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), донесе Одлука за давање согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од Програмскиот концепт од Дозволата за радио емитување, Уп1 бр.0802-37 од 07.02.2024г. на Радиодифузното трговско друштво РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, во однос на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик, радиодифузерот да емитува програма и на турски јазик и да се зголеми обемот на сопствена програма, односно од 4 часа да се зголеми на 23 часа и 50 минути на неделно ниво.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2024 година. Објасни дека средствата треба да се уплатат најдоцна до 12.03.2024 година, а членарината од минатата година е зголемена е за 300 евра на годишно ниво со исклучок на малите регулатори кои имаат помалку од 5 вработени.

Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2024 година, бр.0503-253/2 од 29.02.2024 година.

Секторот за финансии и логистика да ги уплати средствата во висина од 3.900 евра за годишна членарина на Агенцијата за ЕПРА за 2024 година, најдоцна до 12.03.2024 година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**